Врз основа на член 16 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.03.2012 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА СОДРЖИНАТА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА ОПРАВДАНОСТ НА КОНЦЕСИЈАТА НА ДОБРА ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ИЛИ НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## I. Општи одредби

### Член 1

Со оваа уредба се пропишува содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на доделувањето на договори за воспоставување на јавно приватното партнерство.

### Содржина на физибилити студијата

### Член 2

При изготвувањето на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на доделувањето на договори за воспоставување на јавно приватното партнерство (во натамошниот текст: физибилити студија) особено ќе се земе во предвид јавниот интерес, финансиското влијание на концесијата на добро од општ интерес (во натамошниот текст: концесија), односно на јавното приватно партнерство врз буџетот на концедентот, односно јавниот партнер и усогласеноста со плановите за економски развој.

Физибилити студијата особено содржи: извршно резиме, општ дел, техничка, финансиско-економска и правна анализа, и општи заклучоци и препораки.

## II. Извршно резиме на физибилити студијата

### Член 3

Извршното резиме на физибилити студијата (резиме на техничката, финансиската, економската и правна анализа, резиме на финансиското влијание, резиме на анализата на ризиците, резиме на фазите за имплементација на концесијата, односно јавното приватно партнерство) ги содржи особено следните елементи:

1. Предмет и цели на концесијата/јавно приватното партнерство;
2. Правна рамка за доделување на концесијата/јавно приватното партнерство;
3. Општи информации поврзани со подготвување на физибилити студијата, и тоа:

а) предмет и цели на физибилити студијата;
б) извори на информации и податоци и
в) податоци за лицата кои ја изготвиле физибилити студијата.

## III. Општ дел

### Член 4

Општиот дел на физибилити студијата особено ги содржи следните елементи:

1. Определување на законскиот основ за доделување на концесијата/јавно приватното партнерство;
2. Дефинирање на видот на договорот и на моделот на јавно приватното партнерство;
3. Проценета вредност на договрорт;
4. Препораки: Извадоци од Законот за концесии и јавно приватно партнерство кои ги дефинираат елементите на физибилити студијата кои што треба да се земат во предвид при определувањето на видот на договорот (обврските и ризикот кои треба да ги преземе приватниот партнер, начинот на плаќање на надоместокот, можност за вршење на комерцијални дејности, пренос на правата на сопственост, определување на природата на мешовитите договори, учество на јавниот партнер од аспект на државна помош и сл.)
5. Определување на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, неговите главни карактерситики, вклучувајќи ги и прирастоците и подобрувањата;
6. Определување на јавната услуга предмет на концесијата/јавно приватното партнерство, условите под кои ќе се врши, како и определувањето на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство со кој ќе се врши јавната услуга, доколку вршењето на јавната услуга е поврзано со објект на концесијата/јавно приватното партнерство;
7. Определување на доброто од опште интерес предмет на концесијата;
8. Определување и анализа на условите за управување, одржување и стопанисување со објектот на концесијата/јавно приватното партнерство и доброто од општ интерес, како и условите и параметрите за обезбедување на јавната услуга;
9. Измените направени во однос на претходната анализа за основните елементи кои се показатели за природата на договорот и обрзложение на причините за тоа;
10. Прашања поврзани со управувањето на проектот;
11. Идентификација на слабостите и нивно разрешување;
12. Политички, социјални и други прашања и
13. Прашања поврзани со следењето(надзор) на проектот.

## IV. Техничка анализа

### Член 5

Техничката анализа особено ги содржи следните елементи:

1. Опис на постојните објекти на концесијата/јавно приватното партнерство во сопственост или владение на концедентот/јавниот партнер;
2. Потребата од изградба на нов(и) и/или реконструкција на објект(и) на концесијата/јавно приватното партнерство и опис на истиот;
3. Технички барања за проектирање и изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство потребен за вршење на јавната услуга/експлоатирање на доброто од општ интерес;
4. Наведување на главните технички и технолошки карактеристики на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство врз основа на:
   а) анализа на потребите на концедентот/јавниот партнер;
   б) идентификување на јавниот интерес;
   в)идентификување на планските документи и проектната документација потребна за изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство.
6. Потребата и видот на подготвителните работи (изведување на привремени градби и други активности заради организирање и уредување на градилиштето) вклучувајчи ја и потребата од уредување на земјиштето за изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство;
7.Наведување на потребната инфратруктура за доведување во функционална сотојба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, односно потребната инфраструктура за вршење на јавната услуга/експлоатација на доброто од општ интерес;
8.Проценета вредност на:
   а) инвестицијата потребна за изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, вклучувајќи ја и инфраструктурата;
   б)трошоците потребни за подготвителните работи и уредувањето на градежното земјиште;
   в) управувањето, одржувањето и стопанисувањето со објектот на концесијата/јавно приватното партнерство;.
9.Опрема потребана за вршење на јавната услуга/експлоатирање на доброто од општ интерес и нејзината проценета вредност;
10.Стандарди за вршење на јавната услуга/експлоатирање на доброто од општ интерес и
11. Предвидувања за нивото на побарувачка на јавната услуга во однос на обемот на потребните инвестиции и објекети во контекст на траењето на договорот.

## V. Финансиско-економска анализа

### Член 6

Финансиско-економската анализа ги содржи особено следните елементи:
1. Анализа на трошоците и приходите (користа) од концесијата/јавно приватното партнерство, вклучувајќи нулто сценарио, која содржи:
   а) анализа на трошоците за секоја година на траењето на концесијата/јавно приватното партнерство потребни за инвестиции, работење, престанок на концесијата/јавно приватното партнерство и рекултивација на објектот на концесијата/јавно приватно партнерство и други трошоци поврзани со користењето на објектот на концесијата/јавно

приватното партнертство или со вршењето на јавната услуга, односно користењето на доброто од општ интерес;

б) анализа на проценетите приходи за секоја година на траењето на концесијата/јавно приватно партнерство, како резултат од користењето на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство или вршењето на јавната услуга, односно користењето на доброто од општ интерес;

в) методологија за формирање на цената на јавните услуги која треба да ја плаќаат крајните корисници и евентуалните плаќања од страна на концедентот/јавниот партнер, вклучувајќи ги и непредвидените околности кои можат да влијаат на цената на конкретен пазар;

г) анализа на слабостите и ризикот на концесијата/јавно приватното партнерство (варијабили и параметри кои најмногу влијаат на стапката на интерната стапка на поврат и на нето сегашната вредност на концесијата/јавно приватното партнерство; можните сценарија; веројатноста од настанување на ризик и оценка на нивната финансиска импликација;

Под нулто сценарио во смисла на оваа уредба се смета почетната точка за споредување на различните алтернативни верзии.

2.Физибилити анализа на оперативните приходи (врз основа на предвидената побарувачка) , оперативните трошоци, капитални трошоци и анализа на готовинскиот тек;

3.Трансакциона анализа: врз основа на проектираните парични текови, и можноста за финансирање на капиталните инвестиции;

4. Анализа и заклучоци за ефикасноста на концесијата/јавно приватното партнерство од аспект на концедентот/јавниот партнер, направени врз основа на интерната стапка на поврат, нето сегашната вредност, точката на изедначување и предлог за износот на надоместокот за концесија.

5. Образложен предлог за условите на концесијата/јавно приватното партнерство, заснован на потребниот период за враќање на инвестицијата;

6. Анализа на ризикот на концесијата/јавно приватното партнерство и предлог за оптимално управување и распределба на ризкот;

7.Анализа на домашниот пазар, а по потреба и на пазарот во земјите од потесното опкружување, со осврт на ризикот за враќање на инвестицијата;

8.Проценка на вредноста за пари (Value for Money)

9.За проекти кои бараат поддршка од јавниот сектор во било каква форма или средства, анализа на достапноста и одржливоста, особено во врска со достапноста на базични проекти;

10.Споредбена анализа за исплатливоста на реализацијата на проектот по пат на јавно приватно партнерство и вршење на услугата од страна на приватниот партнер, во однос на вообичаениот начин на вршење на јавнатата услуга од страна на јавниот партнер;

11.За Иницијативи за приватно финансирање (PFI), стандарди за квалитет, механизми на плаќање и

12.Идентификација на ризикот, управување со ризик, распределба, вреднување и ублажување на ризикот (ризик Матрица).

## VI. Правна анализа

### Член 7

Правната анализа ги содржи особено следните елементи:

1.Анализа на законската рамка која го уредува начинот и условите на вршење на јавната услуга и/или дејноста поврзана со објектот на концсијата/јавно приватното партнерство и/или предметот на концесијата/јавно приватното партнерство, а особено задолжителните барања/елементи  кои треба да се земат во предвид од договорните страни;

2. Идентификација и анализа на сопственичко правните односи поврзани со објектот и/или предметот на концесијата/јавно приватното партнерство;

3. Идентификација и квалификација на стекнатите стварни права на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство или на други права поврзани со предметот на концесијата/јавно приватното парнерство;

4. Идентификација на стварните права кои концедентот/јавниот партнер ќе ги пренсе на концесионерот/приватниот партнер;

5. Преглед на документацијата потребна за градење на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, вршењето на јавната услуга и користењето на доброто од општ интерес, вклучувајќи ја и постапката за обезбедување на документацијата, како и надлежните органи за издавање на истата;

6. Анализа и препораки за содржината на договорот за концесија/јавно приватно партнерство, а особено:

а) условите за реализација на концесијата/јавно приватното партнерство;

б) посебните права и обврски на договорните страни;

в) одговорност за неизвршување на обврските преземени со договорот за концесија/јавно приватно партнерство;

г) видот и висината на гаранцијата за неизвршување на обврските преземени со договорот за концесија/јавно приватно партнерство;

д) начинот и условите под кои објектот на концесијата/јавно приватното партнерство и доброто од општ интерес ќе биде пренесено на концедентот/јавниот партнер;

ѓ) начинот и постапката за решавање  на евентуланите спорови и

е) други елементи согласно прописот со кој се пропишуваат елементите и содржината на договорот за концесија /јавно приватно партнерство.

## VII. Општи заклучоци и препораки

### Член 8

Општите заклучоци ги содржат следните елементи:

1.Анализа на законитоста и изводливоста на доделувањето на концесијата/јавно приватното партнерство, вклучувајќи воспоставување на превентивни мерки од интерес за одбраната и безбедноста на земјата;

2.Препорака за постапката за избор на концесинер/приватен партнер;

3.Предлог одлука за отпочнување на постапка за концесија/јавно приватно партнерство;

4.  Препорака за критерумите за селекција на кандидатите/понудувачите и евалуација на понудите;

5. Препораки за тендерската документација  и

6. Препораки за нацт договорот.

**Член 9**

Во зависнот од видот/предметот на концесијата/јавното приватно партнерство во физибилити студијата ќе бидат опфатени сите или дел од елементите од членовите 5, 6 и 7 на оваа уредба.

Во физибилити студијата можат да бидат содржани и други елементи, освен елементите од членовите 5, 6 и 7 на оваа уредба, доколку истите се потребни за посеопфатно образложение на оправданоста од доделување на концесија/јавно приватно партнество.

## VIII. Завршна одредба

**Член 10**

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-1651/5
23 март 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.